Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на Р. Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), Министерот за животна средина и просторно планирање , донесува

ПРАВИЛНИК

**За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање број планирање број 01-2372/1 од 03.05.2017 година, број 01-1832/2 од 12.03.2018 година, број 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-1567/1 од 13.03.2019 година, 01-3932/2 од 29.07.2019 година и 01-4222/1 од 31.07.2019 година и 01-4222/6 од 14.10.2019 и тоа:

**Член 2**

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во делот на точка 1 – СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ во подточка 1.3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ РАБОТИ, називот и работни задолженија на работното место со реден број 32 се менуваат и гласат:

| | |
|---|---|
| 1. Сектор: | **Сектор за правни и општи работи** |
| **1.3 Одделение:** | **Одделение за општи работи** |
| Реден број | 1. |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | Стручен – I ниво |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | Советник за организација и спроведување на стручни испити од областа на животната средина |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |

| | |
|---|---|
| Вид на образование | Социјална работа и социјална политика, Правни науки, Јавна администрација |
| Работни цели | Спроведување на стручно оперативни работи во насока на Спроведување на стручни испити од областа на животната средина |
| Работни задачи и обврски | • Врши стручно-административни работи поврзани со остварување на правата на пријавени апликатнти согласно законските и подзаконските одредби за организација на стручни испити од областа на животната средина<br>• Подготвува техничка документација за објава на оглас;<br>• Дава насоки на пријавени апликанти<br>• Обработка на материјали од одржани испити;<br>• Подготвуваат извештаи и информации, мислења и одговори на поврзани со спроведување на испити; |

Член 3

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, VI. ОРГАНИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО, УПРАВА ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА, во точка VI. I.1 СЕКТОР ПРИРОДА, во подточка VI. I.1 .3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА И ГЕОДИВЕРИЗИТЕТ, во работното место со реден број 198 "советник за контрола на спроведувањето на плановите за управување со заштитени подрачја" во делот на образованието се брише зборот "добиточно производство (сточарство) " а се додава зборот "туризам и угостителство".

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-6478/2
27-12-2019 година
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Naser Nuredini